**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

# ПРЕДЛОГ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА ИЗВОЗ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ СО ДВОЈНА УПОТРЕБА СО ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

**Скопје, јуни 2010**

## ВОВЕД

## I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Распространувањето на нуклеарно, хемиско и биолошко оружје, како и на проектилни системи за користење на таквото оружје (обично познати под името оружје за масовно уништување, ОМУ) претставува закана за меѓународниот мир и безбедност. Проценката ја потенцираат Резолуциите на Советот за безбедност на Обединетите нации 1540 од 2004 год. и 1887 од 2009 год.
**Согласно Резолуцијата 1540 (2004) на Советот за безбедност на ОН**, сите земји треба да воспостават соодветно законодавство за да може да се воведе издавање на дозволи за контролирана стока, сеопфатни клаузули за стока којашто не е на списоците, транзитни и ИТТ (нематеријален пренос на технологија) контроли, како и сеопфатни правила за брокеринг активности, финансирање на распространување и техничка помош.
„ „Контрола на извоз“ не значи само контрола на движењето на стока, но и контрола на безброј други сродни активности. За системите за нераспространување потребно е секоја земја да воспостави, развие, ревидира и одржи соодветни, ефективни национални контроли на увоз и транзитно отпремање на предмети од тој вид [нуклеарни, хемиски или биолошки оружја и средствата за нивна примена, како и односните материјали], вклучувајќи соодветни закони и регулативи за контрола на извоз, транзит, транзитно отпремање и повторен извоз, како и контроли на обезбедувањето на средства и услуги во врска со таков извоз или транзитно отпремање, како што се финансирањето или транспортирањето кои би можеле да го потпомогнат распространувањето, вклучувајќи и воспоставување на контроли на крајни корисници; и воспоставување и спроведување на соодветни кривични или граѓански казни за повреда на такви закони и регулативи за контрола на извоз.“

Постојниот закон за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба е усогласен со Регулативата на ЕУ 1334/2000. Со постојната законска регулатива за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба е воспоставена општата рамка на контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба. Истата ја регулира контролата на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, но со истата не се опфатени контролата на транзитот и брокеринг активностите.
За доуредување на контролата на извозот, Европскиот Парламент и Советот на 29 мај 2009 година донесе нова Регулатива 428/2009, во која се содржани сите измени и дополнувања на Регулативата на ЕУ 1334/2000, како и дополнителни одредби со кои се прошири опфатот на контрола на транзитот и брокеринг активностите.
Донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба произлегува од потребата за изменување и дополнување на некои одредби од законот, заради допрецизирање на истите и потребата за проширување на опфатот на контрола и на други активности како што се транзитот и брокерингот.
Во ЕУ регулативата за двојна употреба, во прелиминарните белешки и повторно во член 24, стои дека казните кои се применуваат за прекршоци на регулативата мора да бидат ефективни, пропорционални и одвраќачки. Прекршочните одредби во постојниот закон со оглед на тоа што за сите прекршоци од законот без разлика на тежината на прекршокот се предвидени исти казни не се пропорционални на сторениот прекршок. Истите со оглед тежината на прекршоците и на висината на глобата за прекршоците не се ефективни ниту пак одвраќачки.

Одтука произлегува дека е потребно и преиспитување и измена на постојните прекршочни одредби со цел унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлог законот за изменување и дополнување на законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба има за цел: транспонирање на одредбите од регулативата (ЕЗ) бр. 428/2009 на Европскиот Парламент и на Советот од 29 мај 2009 година, кои не беа содржани во регулативата(ЕЗ) бр. 1334/2000, односно на одредбите со кои се проширува опфатот на контрола и на транзитот и на брокеринг активностите, како и допрецизирање на одредбите кои претходно нецелосно се транспонирани.
Предлог законот исто така има за цел и воспоставување на соодветни ефективни, пропорционални и одвраќачки казнени одредби.
Предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба се заснова на истите начела врз основа на кои е донесен законот што се изменува и дополнува.
Основните решенија на Предлог законот се дадени во текст на закон.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот ќе нема финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРЕГЛЕД НА ЗАКОНИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ИЗМЕНАТ СО ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И ПРОПИСИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Предлог законот и неговото спроведување се налага потребата од изменување и дополнување на Кривичниот закон заради утврдување и на соодветни кривични казни за прекршувањето на одредбите од овој закон.
Според резолуцијата 1540 на Советот на безбедност на ОН, земјите-членки не само што треба да подготват, развијат, ревидираат и одржуваат соодветни, ефективни национални контроли на извоз и транзитно-отпремање на нуклеарно, хемиско или биолошко оружје и средствата за нивно користење, како сродни предмети, туку треба и да подготват и спроведат „соодветни кривични или цивилни казни за прекршувањето на таквите закони и регулативи за контрола на извоз.Кривични казни треба да се предвидат за извозот на стоки и технологии со двојна употреба во чуствителни земји за цели поврзани со ОМУ или воени цели.

## V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕУ

Предлог законот е усогласен со Регулатива (ЕЗ) бр. 428/2009 на Европскиот Парламент и на Советот од 29 мај 2009 година

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА ИЗВОЗ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИСО ДВОЈНА УПОТРЕБА СО ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот за донесување на Законот за изменување и дополнување на законот за контрола на стоки и технологии со двојна употреба содржи измена и дополнување на одделни одредби од законот заради нивно потполно усогласување со Регулативата (ЕЗ) бр. 428/2009 на Европскиот Парламент и на Советот од 29 мај 2009 година.

**Во глава I – Општи одредби**, се менува членот 1 така што се проширува опфатот на законот, освен на извозот и на други активности како што се трансферот, брокерингот и транзитот на стоки и технологии со двојна употреба.

Во оваа глава се дополнува и членот 2 точките 2 и 3, така што се менува дефинирањето на поимите "извоз" и "извозник" кои се употребуваат во овој закон, согласно дефинициите на истите во Регулативата (ЕЗ) бр. 428/2009 и се додаваат три нови точки заради дефинирање на поимите "брокерски услуги", "брокер" и "транзит" .

**Во глава III се менува насловот на главата** на "Вршење на извоз, брокеринг и транзит" .

Во оваа глава се додаваат два нови члена 7 и 8 со кои се уредува начинот на вршење на брокерски услуги и транзит на стоки и технологии со двојна употреба, случаите во кои е потребна дозвола за брокерските услуги и транзит, случаите и рокот во кои брокерот е обврзан да ја извести комисијата и министерството за економија.

Членот 9 се менува со цел покрај обврските на извозникот, да ги уреди и обврските на брокерот при поднесување на барање за добивање на дозвола за брокерски услуги, да го утврди органот кој ја издава дозволата за брокерски услуги, како и формата и содржината на обрасците (барањето и дозволата за брокерски услуги) и прилозите кои треба да се доставaт кон барањето.

Членовите 10 и 11 се менуваат со цел да ги уредат обврските на министерството за економија и на другите државни органи, роковите и начинот на нивно постапување и при издавањето на дозволата за брокерски услуги.

Членовите 13 и 14 се дополнуваат за да се уреди во кои случаи се одбива барањето за издавање на дозвола за брокерски услуги, односно во кои случаи се укинува , а во кои случаи се поништува дозволата за брокерски услуги.

Членот 15 се менува за да се уреди правото на жалба на брокерот против решението за одбивање на барањето за издавање на дозвола за брокерски

услуги, решението за укинување ли поништување на дозволата за брокерски услуги.

**Во глава IV се менува насловот на главата** на "Обврски на извозникот и брокерот"
Во оваа глава се дополнува членот 16 со нова алинеја со која се уредуваат обврските на брокерот да води посебна евиденција за извршените брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба и да ја извршува дејноста во согласност со условите и барањата утврдени во дозволата за брокерски услуги.

Членот 19 кој ги регулира обврските на извозникот се дополнува за да ги регулира и обврските на брокерот.

**Во глава V – Права и обврски на министерствата и други органи на управата**, се дополнува членот 20 став 5, со што обврската на Министерството да води евиденција за издадените дозволи за извоз и одбиените барања за добивање дозвола за извоз, се проширува и на дозволи за брокерски услуги и на одбиени барања за добивање дозвола за за брокерски услуги.

**Во глава VI – Прекршочни одредби** се менува членот 24 така што се воспоставуваат посоодветни, поефективни, попропорционални и одвраќачки казнени одредби со кои се зајакнува казнената политика. Имајќи во предвид дека прекршоците по овој закон може да претставуваат сериозна закана за меѓународниот мир и безбедност и може да предизвикаат тешки последици по безбедноста на луѓето, потребно беше да се зголеми висината на казните за посериозните прекршоци како што се неовластениот извоз или брокеринг на стоки и технологии со двојна употреба, а се со цел демотивирање на сторителите на истите. За целосно остварување на ваквата определба потребно е воспоставување и на соодветни кривични санкции по овој закон во Кривичниот закон.

**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА ИЗВОЗ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ СО ДВОЈНА УПОТРЕБА**

**Член 1**

Во Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба ("Службен весник на Република Македонија" број 82/2005 и 84/2007), членот 1 се менува и гласи:

" Член 1

Со овој закон се уредуваат условите под кои може да се врши извоз, трансфер, брокеринг и транзит на стоки и технологии со двојна употреба, надлежноста на државните органи во контролата над извозот, трансферот, брокерингот и транзитот на стоки и технологии со двојна употреба и правата и обврските на правните и физичките лица кои вршат извоз ,трансфер, брокеринг и транзит на стоки и технологии со двојна употреба."

**Член 2**

Во член 2 точката 2 се дополнува со нова реченица која гласи:

" Извоз значи и трансфер на софтвер или технологија преку електронски медиум, факс, телефон, електронска пошта или друго електронско средство надвор од подрачјето на Република Македонија, а се однесува и на усмениот пренос на технологија по телефон доколку технологијата е содржана во документ чиј битен дел е прочитан или опишан по пат на телефон. "

Точката 3 се дополнува со нова реченица која гласи:

" Извозник значи и секое физичко или правно лице што решава да пренесе софтвер или технологија преку електонски медиум, факс, телефон, електронска пошта или друго електронско средство надвор од подрачјето на Република Македонија. "

По точката 4 се додаваат три нови точки кои гласат:

"5. "брокерски услуги" значат преговарање или договарање на трансакции за купување, продавање или набавка на стоки и технологии со двојна употреба од една страна земја во било која друга страна земја, како и продавање или купување на стоки и технологии со двојна употреба кои се наоѓаат во една страна земја за нивен пренос во било која друга страна земја. За целите на овој закон помошните услуги не се сметаат за брокерски услуги. Помошни услуги се транспортот, финансиските услуги, осигурување или реосигурување , рекламирање и промоција."

6. "брокер" е секое физичко или правно лице претприемач со седиште во Република Македонија кое врши брокерски услуги .

7. “транзит“ значи транспорт или превоз на стоки и технологии со двојна употреба од една страна земја во друга страна земја при што стоките минуваат низ царинската територија на Република Македонија.“

**Член 3**

Во насловот на Глава III по зборот: “ИЗВОЗ“ се става запирка и се додаваат зборовите: “БРОКЕРИНГ И ТРАНЗИТ“

**Член 4**

По член 6 се додаваат два нови члена 7 и 8 кои гласат:

“Член 7

(1) Брокерот може да врши брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба врз основа на дозвола за брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба (во натамошниот текст: Дозвола за брокерски услуги).

(2) Дозволата за брокерски услуги од став (1) на овој член ја издава Министерството за економија (во натамошниот текст : Министерство).

(3) Дозвола за брокерски услуги е потребна за стоките и технологиите со двојна употреба од Листата од член 5 точка (1) од овој закон, доколку брокерот е известен од страна на Министерството за економија, Министерството за одбрана, Министерствотото за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Царинската Управа на Република Македонија или друг надлежен орган, дека таа стока или технологија во целина или нејзини делови се или може да се наменат за развој, производство, управување, ракување, одржување, ускладиштување, откривање, препознавање или ширење на хемиско, биолошко или нуклеарно оружје или за развој, производство, одржување и складирање на ракети способни за пренос на такво оружје.

(4) Дозвола за брокерски услуги е потребна и во случаите кога стоките и технологиите не се опфатени со Листата од член 5 точка (1) од овој закон доколку брокерската услуга се однесува на земја купувач или земјата со крајна дестинација кон која Советот за безбедност на ООН со обврзувачка резолуција има воведено ембарго за извоз на оружје или со одлука на ОБСЕ или со ембарго за извоз на оружје на ЕУ кон кое Република Македонија се има придружено.

(5) Дозвола за брокерски услуги се издава и за стоки со двојна употреба што не се опфатени со Листата од член 5 точка (1) од овој закон ако брокерот е информиран од страна на органот од став (3) на овој член дека стоките се или можат да бидат наменети во целост или делумно, за употреба како делови или компоненти од воени стоки.

(6) Брокерот на кого му е познато, или има основа да се сомнева дека стоката или технологијата со двојна употреба ќе биде употребена за намените од став (3) на овој член, а таа стока или технологија не е на Листата од член 5 точка (1) од овој закон, е должен за тоа да ги извести Комисијата и Министерството. Комисијата, во рок кој не може да биде подолг од 30 дена од известувањето одлучува дали за таа стока или технологија е потребна дозвола за брокерски услуги.

Член 8

(1)Министерството за финансии-Царинската управа може да забрани транзит на стоки и технологии со двојна употреба опфатени со Листата од член 5 точка (1) од овој закон ако стоката или технологија во целина или нејзини делови се или може да се наменат за развој, производство, управување, ракување, одржување, ускладиштување, откривање, препознавање или ширење на хемиско, биолошко или нуклеарно оружје или за развој, производство, одржување и складирање на ракети способни за пренос на такво оружје.

(2)При одлучувањето за таква забрана Царинската Управа ќе ги има во предвид обврските и одговорностите кои Република Македонија ги превзела како членка на меѓународни договори или како членка на меѓународни режими за неширење на оружје за масовно уништување.

(3)Во случај на забрана на транзит на стока со двојна употреба, Царинската Управа е должна во период од 48 часа да го извести писмено Министерството за економија за забраната или повлекувањето на транзитот.

(4)Согласно став 3 на овој член, Министерството за економија ќе издаде дозвола за транзит доколку се исполнети бараните услови за транзит на стоката со двојна употреба низ територијата на Република Македонија.

(5)Министерството за економија ќе ги пропише постапката за издавање на дозвола за одреден транзит на стоки и технологии со двојна употреба од Листата од член 5 точка (1) од овој закон ако стоката или технологија во целина или нејзини делови се или може да се наменат за целите од став 1 на овој член., како и формата и содржината на барањето и дозволата за транзит на стоката со двојна употреба “

**Член 5**

Членот 7 кој станува член 9 се менува и гласи:

“Член 9

(1) Извозникот и брокерот се должни до Министерството да поднесат барање за издавање на дозвола за извоз, односно дозвола за брокерски услуги на обрасци чија форма и содржина ја пропишува министерот за економија .

(2) Врз основа на барањето од став (1) на овој член министерот за економија издава дозвола за извоз, односно дозвола за брокерски услуги.

(3) Дозволата за извоз и дозволата за брокерски услуги од став (2) на овој член се издаваат на пропишани обрасци. Формата и содржината на обрасците ја пропишува министерот за економија.

(4) Обрасците од став (1) и (3) на овој член треба да бидат усогласени со меѓународните стандардизирани обрасци.

(5) Со барањето од став (1) на овој член треба да се достави јасен опис на стоките и приложат сите докази кои се потребни за потврдување на податоците наведени во барањето како технички карактеристики, скици, планови, фотографии и друга документација за идентификација на стоките и технологиите со двојна употреба.

(6) Во прилог на барањето извозникот и брокерот мора да достават “Сертификат за краен корисник.

(7) Брокерот треба да достави и податоци за локацијата на потекло на стоките и технологиите со двојна употреба .“

**Член 6**

Во член 8 кој станува член 10, во ставот (1) по зборот "извоз" се става запирка и се додаваат зборовите: "односно дозвола за брокерски услуги".
Во ставот (2) по зборовите "Министерството за здравство" се става запирка и се додаваат зборовите "Дирекција за радијациона сигурност".
Во ставот (4) зборот "барањето" се заменува со зборот "барањата", а зборовите "за извоз" се бришат.

**Член 7**

Членот 9 кој станува член 11 се менува и гласи:

"Член 11

(1) Министерството, по предходно прибавено позитивно мислење од член 10 став (1) и (2) од овој закон, издава дозвола за извоз, односно дозвола за брокерски услуги најмногу за период од 1 година од денот на издавањето на дозволата .

(2) Дозволата од став (1) на овој член се издава во четири примероци: два се доставуваат до барателот, од кои еден примерок барателот го доставува до царинскиот орган при постапката на извоз, а еден задржува за себе, еден примерок се доставува до Царинската Управа на Република Македонија и еден примерок се чува во архивата на Министерството.

(3) Министерството е должно еднаш на 6 месеци да достави список на издадени дозволи за извоз, дозволи за брокерски услуги и одбиени барања за добивање дозволи за извоз и дозволи за брокерски услуги, до Комисијата.

**Член 8**

Членот 10 станува член 12.

**Член 9**

Во член 11 кој станува член 13, по зборот "извоз," се додаваат зборовите: "односно барањето за издавање на дозвола за брокерски услуги", а по зборот "извозот" се става запирка и се додаваат зборовите: "односно брокерската услуга".

**Член 10**

Членот 12 кој станува член 14 се менува и гласи:

"Член 14

(1) Министерот со решение може, по барање на извозникот, по барање на брокерот или по службена должност, да ја укине дозволата за извоз, односно дозволата за брокерски услуги кога:

- ќе утврди дека еден или повеќе услови врз основа на кои била издадена дозволата за извоз, односно дозволата за брокерски услуги не се веќе важечки;

- кога извозникот не ги извршува утврдените обврски во дозволата за извоз, односно кога брокерот не ги извршува утврдените обврски во дозволата за брокерски услуги.

(2) Министерот со решение ја поништува дозволата за извоз, односно дозволата за брокерски услуги кога:

- дозволата за извоз, односно дозволата за брокерски услуги била издадена врз основа на неточни или непотполни податоци, а подносителот на барањето знаел или би морал да знае дека податоците биле неточни или непотполни;
- извозникот, односно брокерот не го известил Министерството за промените поврзани со стоките и технологиите со двојна употреба.
- извозникот ја пренел дозволата за извоз на друг извозник."

**Член 11**

Членот 13 кој станува член 15 се менува и гласи:

"Член 15

Против решението од член 13 и 14 од овој закон извозникот, односно брокерот има право на жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање во втор степен во управни работи во областа на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, во рок од 8 дена од приемот на решението.

Жалбата од став 1 на овој член не го одлага извршувањето на решението."

**Член 12**

Во насловот на Глава IV по зборот: "ИЗВОЗНИКОТ"се додаваат зборовите: "И БРОКЕРОТ"

**Член 13**

Во член 14 кој станува член 16, по став 2 се додава нов став 3 која гласи:

" (3) Брокерот кој врши брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба е должен:

- да води посебна евиденција за извршените брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба;
- да ја извршува дејноста во согласност со условите и барањата утврдени во дозволата за брокерски услуги;
- за секоја промена во условите на вршење на брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба веднаш во писмена форма да го извести Министерството;"

**Член 14**

Членовите 15 и 16 стануваат членови 17 и 18.

**Член 15**

Во член 17 кој станува член 19, во став (1) по зборот “извозникот“ се додаваат зборовите: “ и брокерот“, а  по зборот “трансакција“ се додаваат зборовите: “односно брокерска услуга“.

**Член 16**

Во член 18 кој станува член 20, во став (5) по зборот “извоз“ се додаваат зборовите: “ и брокерски услуги“.

**Член 17**

Членовите 19, 20 ,и 21 стануваат членови  21, 22 и 23.

**Член 18**

Членот 22 кој  станува член  24 се менува и гласи:

“Член 24

(1) Глоба во износ од 10.000 до 15.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на извозникот- правно лице кој врши извоз на стоки и технологии со двојна употреба без издадена дозвола за извоз, (спротивно на член 6 од овој закон) и .на брокерот кој врши брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба (спротивно на член 7)  од овој закон ;

(2) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок од став (1) на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

(4) Глоба во износ од 4.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на извозникот- правно лице и на брокерот ако:
- во барањето за издавање дозвола за извоз, односно дозвола за брокерски услуги навел неточни или непотполни податоци, а знаел или би морал да знае дека податоците биле неточни или непотполни,
- ако извозникот ја пренесе дозволата за извоз на друг извозник,
- ако извозникот не се придржува кон утврдените обврски во дозволата за извоз, односно ако брокерот не се придржува кон утврдените обврски во дозволата за брокерски услуги.

(5) Глоба во износ од 800 до 1.200 евра во денарска противвредност за прекршок од став (3) на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

(6) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на извозникот- правно лице и на брокерот ако:
-не водат посебна евиденција за извршениот извоз, односно брокерски услуги со стоки и технологии со двојна употреба,
- не го известат министерството за секоја промена во условите за вршење на нивните активности,

- не ги чуваат фактурите, испратниците, приемниците, товарните листови за сите видови превоз и секаква друга документација која е поврзана со стоките и технологиите со двојна употреба, најмалку 5 години од завршувањето на календарската година во која била извршена секоја поединечна извозна трансакција  на стоки и технологии со двојна употреба.

(6) Глоба во износ од 400 до 600 евра во денарска противвредност за прекршок од став (5) на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

(7) За дејствијата од став (1) на овој член на правното или физичкото лице ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање на предмети - стоки.

(8) За дејствијата од ставот (1) на овој член, покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од три до пет години.

(9) За дејствијата од ставот (1) на овој член, покрај глобата на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејноста во траење од три до пет години, а на физичкото лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење на дејност или должност во траење од три до пет години.

(10) Кога прекршокот од став (1) од овој член е сторен со цел сторителот за себе или за друго лице да прибави имотна корист или прекршокот е сторен од организирана група на лица составена од најмалку три лица, Надлежниот суд може да изрече глоба во износ од 20.000 до 30.000 евра во денарска противвредност на правното лице.

(11) Глоба во износ од 4.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за прекршокот  од став (1) од овој член ќе се изрече и на одговорното лице во правното лице, ако прекршокот го сторил со цел да прибави имотна корист за себе или за друго лице.

(12) Надлежен орган за изрекување на прекршоците од овој член е надлежниот суд.

**Член 19**

Членовите 23,24 и 25  стануваат членови  25, 26 и 27

**Член 20**

Овој  закон  влегува во сила осмиот ден од денот на  објавувањето  во “Службен весник на Република Македонија”.

## ИЗВОД НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПОСТОЈНИОТ ЗАКОН КОИ СЕ МЕНУВААТ

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите под кои може да се врши извоз на стоки и технологии со двојна употреба, надлежноста на државните органи во контролата над извозот на стоки и технологии со двојна употреба и правата и обврските на правните и физичките лица кои вршат извоз на стоки и технологии со двојна употреба.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

1. "стоки и технологии со двојна употреба" се стоки, технологии и софтвери кои можат да се употребуваат во цивилни и во воени цели, утврдени со овој закон;

2. "извоз на стоки и технологии со двојна употреба" е извоз и повторен извоз на стоки и технологии со двојна употреба кои се утврдени како такви со акт донесен врз основа на овој закон;

3. " извозник" е правно или физичко лице кое е регистрирано за вршење на извоз со седиште на територијата на Република Македонија и кое има сопственост или право на располагање со стоките и технологиите со двојна употреба;

4. "листа на стоки и технологии со двојна употреба" е список на стоки и технологии со двојна употреба чиј извоз и повторен извоз се врши под услови утврдени со овој закон.

III. ВРШЕЊЕ НА ИЗВОЗ

Член 7

(1) Извозникот е должен до Министерството да поднесе барање за издавање на дозвола за извоз на образец чија форма и содржина ја пропишува министерот за економија .

(2) Врз основа на барањето од став (1) на овој член министерот за економија издава дозвола за извоз.

(3) Дозволата за извоз од став (2) на овој член се издава на образец. Формата и содржината на образецот ја пропишува министерот за економија.

(4) Обрасците од став (1) и (3) на овој член треба да бидат усогласени со меѓународните стандардизирани обрасци.

(5) Со барањето од став (1) на овој член треба да се приложат сите докази кои се потребни за потврдување на податоците наведени во барањето како технички карактеристики, скици, планови, фотографии и друга документација за идентификација на стоките и технологиите со двојна употреба.

(6) Во прилог на барањето извозникот мора да достави “Сертификат за краен корисник”.

Член 8

(1) Министерството е должно пред издавање на дозволата за извоз да побара мислење од Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи.

(2) Во случаите кога карактерот на стоката или технологијата со двојна употреба тоа го бара, мислење се бара и од Министерството за здравство и Министерството за заштита на животната средина и просторно планирање.

(3) Министерствата од став (1) и (2) на овој член треба да го доставаат своето мислење во рок кој не може да биде подолг од 30 дена од денот кога мислењето е побарано.

(4) Министерството е должно на барањето за дозвола за извоз од член 7 став (1) од овој закон да одговори во рок кој не може да биде подолг од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето, односно во рок од 90 дена ако во постапката на издавање на дозволата за извоз се потребни дополнителни проверки.

Член 9

(1) Министерството, по предходно прибавено позитивно мислење од член 8 став (1) и (2) од овој закон, издава дозвола за извоз најмногу за период од 1 година од денот на издавањето на дозволата за извоз.

(2) Дозволата за извоз се издава во четири примероци: два се доставуваат до барателот, од кои еден примерок барателот го доставува до царинскиот орган при постапката на извоз, а еден задржува за себе, еден примерок се доставува до Царинската Управа на Република Македонија и еден примерок се чува во архивата на Министерството.

(3) Министерството е должно еднаш на 6 месеци да достави список на издадени дозволи за извоз и одбиени барања за добивање дозволи за извоз, до Комисијата.

Член 11

Министерството ќе го одбие барањето за издавање дозвола за извоз, кога ќе оцени дека извозот на стоки и технологии со двојна употреба може да предизвика негативни последици, поради:

- загрозување на исполнување на меѓународните обврски на Република Македонија;
- загрозување на безбедносните или одбранбените интереси на Република Македонија;
- загрозување или е во спротивност со надворешно политичките или економските интереси на Република Македонија;
- можност за избувнување или продолжување на вооружени судири во државата која е краен корисник на стоките или технологиите со двојна употреба;
- можност за употреба на стоките и технологиите со двојна употреба за внатрешна репресија во државата на крајниот корисник на тие стоки и технологии со двојна употреба;
- целта на крајна употреба и ризикот од диверзии;

- утврдено сознание дека дејството на стоките и технологиите со двојна употреба не одговара на наведените податоци во барањето до Министерството или кога извозникот или произведувачот на барање на Министерството не овозможиле преглед на стоките и технологиите со двојна употреба или со тоа поврзаната документација;

- и други случаи утврдени со закон.

Член 12

(1) Министерот со решение може, по барање на извозникот или по службена должност, да ја укине дозволата за извоз кога:

- ќе утврди дека еден или повеќе услови врз основа на кои била издадена дозволата за извоз, не се веќе важечки;

- кога извозникот не ги извршува утврдените обврски во дозволата за извоз.

(2) Министерот со решение ја поништува дозволата за извоз кога:

- дозволата за извоз била издадена врз основа на неточни или непотполни податоци, а подносителот на барањето знаел или би морал да знае дека податоците биле неточни или непотполни;

- извозникот, не го известил Министерството за промените поврзани со стоките и технологиите со двојна употреба.

- извозникот ја пренел дозволата за извоз на друг извозник.

Член 13

Против решението од член 11 и 12 од овој закон извозникот има право на жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање во втор степен во управни работи во областа на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, во рок од 8 дена од приемот на решението.

Жалбата од став 1 на овој член не го одлага извршувањето на решението.

## IV. ОБВРСКИ НА ИЗВОЗНИКОТ

Член 14

(1) Извозникот кој врши извоз на стоки и технологии со двојна употреба е должен:

- да води посебна евиденција за извршениот извоз на стоки и технологии со двојна употреба;

- да ја извршува дејноста во согласност со условите и барањата утврдени во дозволата за извоз;

- за секоја промена во условите на вршење на извоз на стоки и технологии со двојна употреба веднаш во писмена форма да го извести Министерството;

(2) Извозникот не смее да ја пренесе дозволата за извоз на друг извозник.

Член 17

(1) Извозникот мора да ги чува фактурите, испратниците, приемниците, товарните листови за сите видови превоз и секаква друга документација која е поврзана со стоките и технологиите со двојна употреба, најмалку 5 години од завршувањето на календарската година во која била извршена секоја поединечна извозна трансакција на стоки и технологии со двојна употреба.

(2) Документите од став (1) на овој член ги содржи особено следните податоци:

- опис на стоките и технологиите со двојна употреба кој овозможува нивно идентификување во Листата на стоки и технологии со двојна употреба, како и тарифна ознака согласно Царинската тарифа;
- количина на стоката во единечна мера и нето тежина;
- полно име и назив на извозникот како и податоци од соодветниот регистар;
- полно име и назив на увозникот на стоката или технологијата со двојна употреба;
- полно име и назив на крајниот корисник; и
- крајна употреба на стоките и технологиите со двојна употреба.

## V. ПРАВА И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВАТА И ДРУГИ ОРГАНИ НА УПРАВАТА

### Член 18

(1) Во постапката за увоз на стоки и технологии со двојна употреба, на барање на увозникот, Министерството издава "Сертификат за краен корисник".

(2) Министерот за економија во согласност со министерот за финансии, го пропишува обликот и содржината на "Сертификатот за краен корисник" при увоз на стоки и технологии со двојна употреба.

(3) "Сертификатот за краен корисник" е усогласен со меѓународните стандардизирани обрасци и заверен од надлежен орган на земјата увозник.

(4) Царинската Управа на Република Македонија води евиденција на "Сертификати за краен корисник", при извоз на стоки и технологии со двојна употреба, заверени од надлежен орган во земјата на увозникот согласно Законот за Царинската Управа и Царинскиот закон.

(5) Министерството води евиденција за издадените дозволи за извоз и одбиените барања за добивање дозвола за извоз.

## VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ.

### Член 22

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на извозникот правно лице кој:

1. врши извоз на стоки и технологии со двојна употреба без издадена дозвола за извоз спротивно на член 6 став (1) од овој закон;
2. врши извоз на стоки и технологии со двојна употреба спротивно на член 6 став (3) од овој закон;
3. врши извоз на стоки и технологии со двојна употреба спротивно на член 6 став (5) од овој закон;
4. не го извести Министерството дека стоките и технологите со двојна употреба можат да бидат употребени спротивно на член 6 став (6) од овој закон;
5. ја пренесе дозволата за извоз на друг извозник и не ги почитува обврските опфатени со член 14 став (1) и (2) од овој закон;
6. не ги чува фактурите, испратниците, приемниците, товарните листови за сите видови превоз и секаква друга документација која е поврзана со стоките и технологиите со двојна употреба, најмалку 5 години од завршувањето на

календарската година во која била извршена секоја поединечна извозна трансакција на стоки и технологии со двојна употреба спротивно на член 17 став (1) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок од став (1) на овој член ќе се изрече и на одговорното лице во правното лице.

(3) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок од став (1) на овој член ќе се изрече на извозникот физичко лице”.

(4) За дејствијата од став 1 на овој член на правното или физичкото лице ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање на предмети - стоки.

(5) За дејствијата од ставот (1) на овој член, покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од три до пет години.

(6) За дејствијата од ставот (1) на овој член, покрај глобата на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејноста во траење од три до пет години, а на физичкото лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење на дејност или должност во траење од три до пет години.

(7) Кога прекршокот од став (1) од овој член е сторен со цел сторителот за себе или за друго лице да прибави имотна корист или прекршокот е сторен од организирана група на лица составена од најмалку три лица, Надлежниот суд може да изрече глоба во износ од 12.000 до 15.000 евра во денарска противвредност на правното лице.

(8) Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност за прекршокот од став (1) од овој член ќе се изрече и на одговорното лице во правното лице, ако прекршокот го сторил со цел да прибави имотна корист за себе или за друго лице.

(9) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок од став (1) на овој член ќе се изрече на извозникот физичко лице, ако прекршокот го сторил со цел за себе или друг да прибави имотна корист

(10) Надлежен орган за изрекување на прекршоците од овој член е надлежниот суд.